„Кој ќе Го сретне Аллах без да Му припишува здруженик – гревовите нема да му наштетат. А кој ќе умре припишувајќи Му здруженик – добрите дела нема да му користат.“

Абдулах бин Амр, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе Го сретне Аллах без да Му припишува здруженик – гревовите нема да му наштетат. А кој ќе умре припишувајќи Му здруженик – добрите дела нема да му користат.“

[صحيح] [رواه أحمد]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, известил дека оној кој ќе умре и ќе Го сретне Аллах како монотеист, без да му припишува здруженик, ќе биде од жителите на Џенетот – дури и ако поради гревовите заслужил да биде казнет во Џехенемот. А оној што ќе умре припишувајќи Му здруженик, нема да му користат никакви добри дела, и за него Џенетот е забранет.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65109